03-353/01
14.04 26

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Општинско основно училиште ,,Киро Глигоров" – Скопје, запишува ученици

во прво одделение во учебната

2026/2027 година

Во прво одделение се запишуваат ученици кои на крајот на календарската 2026 година ќе наполнат 6 години.

По исклучок, во прво одделение може да се запишат деца кои до 31 јануари наредната година ќе наполнат 6 години, по барање на родителот и добиено мислење од педагог и психолог од училиштето.

Потребно е да ја пополните електронската пријава за упис која може да ја најдете на web страната на училиштето: **ooukirogligorov.edu.mk** .

По извршеното барање за упис на детето во прво одделение, дополнително ќе бидете известени телефонски за терминот на тестирање кој ќе се реализира од 4 до 29 мај 2026 година.

Врз основа на член 60 став 3 од Законот за основно образование ,при запишувањето на детето со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави и проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост, за дополнителна образовна поддршка.

Потребни документи за запишување:

Потврда за примени задолжителни вакцини – останува во училиштето

Потврда за орално здравје од стоматолог(**од Детска и превентивна стоматологија Поликлиника Идадија**)- останува во училиштето

Потврда за офталмолошки преглед --- останува во училиштето

Лична карта од родител - на увид

Документите треба да бидат доставени на денот на тестирањето на Вашето дете.

Врз основа на член 63 став 1 и 2 од ЗОО Ве молиме Пријавата да ја пополнат и поднесат родителите на оние деца кои според реонизација припаѓаат на ООУ „Киро Глигоров,"- Центар

Директор

Билјана Билбиловска

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КИРО ГЛИГОРОВ" РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Центар Скопје